# Влада на Република Северна Македонија

Бр. 44-2282/7
Скопје, 23 март 2020 година

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

С К О П Ј Е

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Дваесет и шестата седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 23 март 2020 година**

**„ТОЧКА 1: Записник од Седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 22 март 2020 година**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 22 март 2020 година.“

**Прилог:**
- **Записник од ГККШ**

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
- **сите државни институции**
- **Заедницата на единиците на локалната самоуправа**
- **Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија**
- **Стопанските комори во Република Северна Македонија**

Подготвил: Ирма Мандева
Проверил: Снежана М.Пендовски
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Влада на Република Северна Македонија

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Скопје, 22 март 2020 година

Архивски број: 08-780/7

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено / Е pranuar: 22-03-2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 44-2282/7 | | | |

**З А П И С Н И К**

**од Седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 22 март 2020 година**

На 22 март 2020 година (недела), со почеток во 9.30 часот, во просториите на зградата на Владата на Република Северна Македонија, се одржа Седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеше Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На состанокот присуствуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Арбр Адеми, министер за образование и наука, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи и Аднан Џаферовски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2008 SGS

На состанокот присуствуваше и Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална бебзедност, Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи и Златко Ветеровски претставник од Царинската управа на Република Северна Македонија.

Од состанокот на Главниот координативен кризен штаб, отсуствуваа д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

*

* *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 се утврди следниот Дневниот ред:

Точка 1: Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19;

Точка 2: Прашања и предлози;

*

* *

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, сите членови на ова тело, секој од своја надлежност ги информираа членовите за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009

По однос на точката 1 од Дневниот ред, Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб дека од вечерва, од 21.00 часот до 6.00 часот наредниот ден, во сила е Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.72/20), донесена од Владата на Република Северна Македонија, под бр.44-2416/1 од 21 март 2020 година и претстои период на целосна мобилизација и организација на сите припадници на Министерството за внатрешни работи и Армијата на Република Северна Македонија во функција на операционализација на Одлуката.

Министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб и другите присутни лица за дополнително преземени мерки и активности согласно задолженијата од состаноците на ова тело.

Директорот на Центарот за управување со кризи, м-р Агрон Буџаку ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за потреби и проблеми за решавање во подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа.

Главниот координативен кризен штаб го разгледа и се информираше со Прегледот на евидентирани патници при влез/излез од Република Северна Македонија во системот за контрола на патници и возила од 21.03.2020 година од 7.00 часот до 22.03.2020 година до 7.00 часот, доставен од Министерството за внатрешни работи.

Согласно информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, **Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

1. **За операционализација на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.72/20), донесена од Владата на Република Северна Македонија, под бр.44-2416/1 од 21 март 2020 година, Министерството за внатрешни работи, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за транспорт и врски и Армијата на Република Северна Македонија да подготват оперативен план на дејствување и во истиот да бидат утврдени сите исклучоци кои нема да бидат опфатени со оваа наредена мерка на Владата, при што при подготовка на оперативниот план да ги имаат предвид и укажувањата на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, работата на производствените капацитети, медиумите и новинарските екипи, институциите кои нудат елементарни услуги на граѓаните, работата на верските објекти, патниот и товарниот железнички сообраќај, вработените лица во АД М-НАВ Скопје и сите други аспекти кои ќе проценат дека се неопходни за изземање од оваа забрана.**

1.1. **За времетраење на забраната и посебниот режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, да се дозволи движење на транспортни средства во рамки на царинска транзитна постапка, што се докажува со транзитен придружен документ Т1 или извозна царинска постапка, што се докажува со извозен придружен документ EXMK.**

**Возачите на камионите што се движат во поедноставена царинска постапка на транзит или извоз не смеат во никој случај да го напуштат одредишното место за ставање на стоката на увид додека трае забраната и посебниот режим на движење на територијата на Република Северна Македонија.**



Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

**Ова ослободување од ограничување важи за следниве царински испостави Табановце, Блаце, Деве Баир, Ќафасан, Делчево, Ново Село, Меџитлија и Богородица.**

**Министерството за внатрешни работи при контрола на правилна примена на ова ослобдување за сите нејаснотии да го контактира дежурниот оперативен центар на Царинска управа на телефонскиот број 197.**

2. **Го пропиша образецот за издавање на Дозвола за движење на вработен поради вршење на сменска и ноќна работа.**

   2.1. **Производствените капацитети или компаниите кои работат во трета и четврта смена овој образец да го вчитаат на нивен меморандум, со потпис и печат од одговорното лице во правното лице.**

   2.2. **Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, преку стопанските комори во Република Северна Македонија да го дистрибуира овој образец до сите компании кои работат во трета и четврта смена, поради вршење на нивните работни задачи во компанијата.**

   2.3. **Овој образец да се достави до Министерството за внатрешни работи, цо цел негово имплементирање во Оперативниот план за дејствување.**

**Согласно заклучоците под број 1 и 2 од овој записник, Министерството за внатрешни работи, оперативниот план за дејствување да го достави за наредниот состанок на Главниот координативен кризен штаб, што ќе се одржи утре, 23 март 2020 година, со почеток во 9.30 часот.**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД EN ISO 9001:2009

3. **Министерството за труд и социјална политика во соработка со Црвениот крст на Република Северна Македонија да отворат посебна телефонска линија на која ќе се пријавуваат лицата кои се спроведени во самоизолација, а имаат неопходна потреба за дотур на храна и вода.**

4. **Министерството за економија, во најкус можен рок да подготви и до Владата да достави соодветен акт за посебни услови за трговијата со медицинска опрема и медицински средства, во насока на замрзнување на цените.**

5. **АД Пошта на Северна Македонија да продолжи со меѓународниот транспорт на пошта и примопредавањето на поштата, имајќи ги предвид заклучоците на Владата донесени во врска со товарниот сообраќај.**

6. **Министерството за внатрешни работи и Армијата на Република Северна Македонија, во текот на денешниот ден да ги интензивираат контролите и да ги спроведат наредените мерки на Владата, со видливо присуство на припадниците на силите за безбедност на Министерството за внатрешни работи и Армијата на Република Северна Македонија.**

7. **Го разгледа Барањето доставено од ЈКП „СТАНДАРД“ – Дебар, под бр. 03-61/1 од 19.03.2020 година и во однос на истото Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија да понуди решение за вработените лица во ова претпријатие.**

8. **Министерството за внатрешни работи, во соработка со Работната координативна група која ја предводи, д-р Драги Рашковски и Министерството за здравство, во соработка со амбасадите на Република Косово и Република Бугарија да го организираат превозот на четири лица од Република Косово и едно лице од Република Бугарија кои се времено сместени во хотел Цапа – Бањиште, во Дебар.**

9. **Министерството за економија, во соработка со Царинската управа на Република Северна Македонија веднаш да постапат и да го реализираат Заклучокот под реден број 13 од Шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб, одржан на 21 март 2020 година и да подготви и до Владата да достави уредба со законска сила во која правно ќе го нормира прашањето за сите медицински помагала и потрошниот медицински материјал кој се увезува во Република Северна Македонија за потребите за справување со моменталната ситуација, да се ослободи 100% од царинските давачки.**

10. **Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за здравство да го реализира Заклучокот под реден број 3 од Шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб, одржан на 21 март 2020 година и да подготви уредба со законска сила во која правно ќе нормира дека ракавици, респиратори, маски, дезинфициенси и друга најнеопходна медицинска опрема ќе се набавува по пат на спогодба, за време на овој период.**

11. **Во врска со отпадот кој се собира од лицата кои се впроведени во самоизолација, Мнистерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Министертсвото за здравство да утврдат начин на собирање на овој отпад, со третман на медицински отпад.**

*

*　　　*

**По однос на точката 2 од Дневниот ред,** немаше прашања, ниту предлози.

*

*　　　*


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk

Горенаведените, заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

*

*　　　*

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На седницата е воден записник.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Оливер Спасовски



Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 3123 371
www.vlada.mk

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009